Република Македонија
**Влада на Република Македонија**
**Министерство за труд и социјална политика**

[redacted]

Влада на Република Македонија
Министерство за труд и социјална политика
Бр. Сл. 10 3460/2
12.11.2013 год.
Даме Груев бр.14,
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3 106 212
(02) 3 106 214
Сајт: www.mtsp.gov.mk

14-11-2013

**До: Државен завод за ревизија
на Р.Македонија
Главен државен ревизор
М-р Тања Таневска**

**Предмет: Забелешки по нацрт извештај**

19.11.2013

25 252/5

Почитувани,

Согласно член 30 став 2 од Законот за државна ревизија („Службен весник на РМ„ број 66/2010 и 145/2010) Ви доставуваме Забелешки по нацрт извештај ваш број 25-252/4 од 05.11.2013 година за извршена ревизија на успешност – Згрижувачки семејства како форма за вонинситуционална заштита, при Министерството за труд и социјална политика.

Се надеваме дека нашите забелешки ќе Ви бидат од значење и дека истите ќе бидат прифатени и опфатени во Конечниот извештај.

Со почит,

**Министер,
Диме Спасов**

Изработил: Ѓоко Велковски

**Забелешки во однос на дадените наоди и препораки за извршената ревизијата на успешност на тема - Згрижувачки семејства од страна на Државниот завод за ревизија**

**Наод** 1.1 од ревизорскиот извештај на успешноста на тема – Згрижувачки семејства НЕ се прифиќа од причини што условите за вршење на згрижувачката дејност како професионална дејност се утврдени во одредбите од Законот за социјална заштита, (член 165 од овој закон) во кој се предвидува дека физичко лице може самостојно да врши работи од социјална заштита како професионална дејност, меѓу кои е и сместување на лица во згрижувачко семејство и во истиот таксативно се наброени условите под кои може лицето да ја врши оваа дејност. Во наредните членови е уредена постапката за добивање на дозвола за самостојно вршење на згрижувачката дејност како професионална.

По однос на препораката која се однесува на изнаоѓање на соодветен модел на сите згрижувачи предвидени со Законот да им се изедначи статусот, да им се признае стаж, нивните услуги да се признаат како вработување и да се регулираат правата по тој основ, истата е неприфатлива од причини што постојното законско решение дава можност лицата да изберат дали оваа дејност ќе ја вршат професионално или не. Истовремено на овој начин се овозможува оваа дејност да ја вршат и лицата кои се вработени и немаат потреба од признавање на стаж и плаќање на придонеси за вршење на згрижувачката дејност.

**Наод** 1.2 од ревизорскиот извештај кој се однесува на тоа дека надоместокот за згрижување не е соодветен за покривање на трошоците кои ги имаат згрижувачките семејства, при што се наведува дека во 2012 година месечниот поединечен надоместок за згрижување на дете, во зависност категоријата на детето, изнесувал од 7,454 денари до 13,120 денари, за здрави деца и деца со посебни потреби, е неприфатлив од причини што горенаведениот износ кој го добиваат згрижувачките семејства за сметување на дете е соодветен во однос на висината на утврдената минимална нето плата во Република Македонија која изнесува 8,050 денари.

За сите дополнителни трошоци направени околу згрижувањето на децата, згрижувачите добиваат средства согласно Правилникот за еднократна парична помош, а врз основа на проценката направена од стручниот тим, поради погоре наведеното овој наод НЕ се прифаќа.

**Наод** 1.3 од ревизорскиот извештај НЕ се прифаќа бидејќи стандардите за избор на згрижувачкото семејство и проценката за моралните подобности на потенцијалниот згрижувач се утврдени како критериумите за избор на згрижувачко семејство во Правилникот за критериумите за избор на згрижувачко семејство, видот и бројот на корисниците кои можат да се сместат во едно згрижувачко семејство и видот и обемот на услугите од социјална заштита што му се обезбедуваат на сместеното лице. Мониторингот на згрижувачките семејства го вршат центрите за социјална работа преку континуирана работа со згрижувачките семејства, преку посети во нивните домови преку што се следи и утврдува постоењето на утврдените критериуми за квалитет на згрижувачките семејства и вршењето на згрижувачката функција.

**Наод 1.4.** од ревизорскиот извештај НЕ се прифиќа од причини што во постојниот правилник се пропишани критериумите за избор на згрижувачко семејство, видот и бројот на корисниците кои можат да се сместат во едно згрижувачко семејство и видот и обемот на услугите од социјална заштита што му се обезбедуваат на сместеното лице.
Како критериуми за избор на згрижувачко семејство се утврдени возраста, степен на образование, здравствената состојба, подобноста, материјални услови и станбени услови на лицето кое сака да биде згрижувач. Во однос на образованите на потенцијалните згрижувачи утврдено е дека згрижувач може да биде лице кое има минимум основно образование, но при изборот на згрижувачкото семејство секогаш се зема во предвид повисокиот степен на образование на подносителот на барањето и на полнолетните членови на семејството. Ваквото решение дава можност за зголемување на бројот на згрижувачките семејства со што ќе се овозможи деинституционализацијата на децата и нивно сметување во згрижувачките семејства како форма на згрижување која е најблиску до природната средина за живеење.

**Наод 1.5.** од ревизорскиот извештај укажуваме дека е потребно истиот да се дополни со тоа дека до крајот на 2014 годината, Министерството за труд и социјална политика ќе исплаќа надомест за сите сместени деца во згрижувачките семејства од СОС Детско село.

**Наод 1.6.** од ревизорскиот извештај НЕ се прифаќа од причини што овој облик на сместување на децата се применува, но како ставање на дете под старателство кај блиски роднини, без исплата на надомест за сместување доколку согласно Законот за семејство роднините се должни децата да ги издржуваат. Доколку се работи за роднини кои немаат законска обврска да ги издржуваат малолетните деца, во Законот за социјална заштита во членот 58 е дадена можност овие деца да оствари право на постојана парична помош.
Истовремено укажуваме дека ваквиот начин на сместување на деца кај блиски роднини и плаќање на надомест за тоа, би можело да доведе до злоупотреба од страна на родителите кои се на привремена работа во странство, а децата ги оставаат кај блиски роднини.

**Наод 2.1.** од ревизорскиот извештај НЕ се прифаќа од причини што согласно Законот за социјална заштита, Центрите за социјална работа се јавни установи кои се целосно самостојни во извршувањето на работите кои се во нивна надлежност, вклучувајќи го и решавањето на прашањата во врска со згрижувачките семејства. За поуспешно функционирање на центрите, Заводот за социјални дејности има изготвено Упатство за работа на ЦСР за развивање и примена на форма сместување во згрижувачко семејство, програма за обука на згрижувачите, брошури за анимирање на јавноста за формата сместување во згрижувачко семејство и се организираат обуки за стручните работници во центрите за социјална работа за примена на упатството за работа. Исто така се организира поддршка на згрижувачките семејства со помош на мобилен тим (дефектолог, логопед и физиотерапевт), се врши надзор над стручната работа во центрите за социјална работа, се организира координативни средби со центрите и се дава стручна помош и подршка на стручните работници во центрите, се врши увид во згрижувачките семејства и изготвени се стандарди и процедури за постапување на центрите за социјлна работа при сместување на децата во згрижувачките семејства. Од своја страна центрите за социјална работа постапувајќи согласно по законот правилникот, упатствата и програмите изготвени од Заводот за социјални дејности работат самостојно и независно, односно прават обука на згрижувачите го прават изборот на згрижувачките семејства и ги следат и даваат поддршка на згрижувачките семејства и децата во зависност од потребите и можностите.

**Наод 2.2.** од ревизорскиот извештај да се дополни со тоа дека специјализираните згрижувачки семејства се воведени како нова форма на згрижување со измените на Законот за социјална заштита во 2013 година, како и дека е во тек подготовка на Програмата за развивање на оваа форма на заштита која ќе биде заснована врз направена анализа за потребите и заинтересираноста на згрижувачките семејства за згрижување на овие деца.

**Наод 2.4.** кој се однесува на промовирање на згрижувачките семејства заради привлекување на нови да се дополни со активностите кои ги спроведуваат центрите за социјална работа во рамките на отворените денови кое се одржуваат еднаш неделно, преку кои се запознаваат граѓаните од руралните средини со работата на центрите, со нивните права и остварувањето на истите. Во таа насока граѓаните се информираат и за развивање на формата сместување на деца во згрижувачки семејства.